Основен суд Гевгелија ги дава следните коментари, забелешки и предлози на Предлог Законот за судска служба:

1. Член 9

По однос на звањата во наведениот член каде има звања „судски“ и исто звање без „судски“ не е јасна разликата односно дали има разлика во описот на работните задачи.

Исто така за звањето В1 – советник кое е повисоко од звањето В3 - судски соработник, не се бара услов положен правосуден испит.

2. Член 24

После став 6 да се додаден нов став 7 кој гласи: „Постапката за вработување е јавна и по добиената согласност од Министерството за финансии за изготвениот Едногодишен план за вработување на судските службеници за следната календарска година истиот се објавува на веб страната на судовите“.

3. Член 28

Во ст.3, алинејата 1 да се избрише од причина што на овој начин од почеток се елиминираат кандидатите кои се пријавени на огласот, а кои немаат претходно работно искуство.

4. Член 29 и Член 42

Во ст.1 од наведените членови пред зборовите „составена од три члена“ да се додадат зборовите „избрана по пат на жрепка“. Ова со цел да се намали субјективизмот кај раководните лица во судовите при изборот на членови на Комисија за селекција за вработување и унапредување со што ќе може да членува секој од судските службеници од различните нивоа на стручна квалификација во судовите.

5. Глава 7 – Унапредување на судските службеници

Не е предвидено законско решение – инструмент согласно кој би се утврдиле критериуми задолжително да се отпочне постапка за унапредување. Ова од причина што во судовите има стручни соработници со 15-20 години работно искуство кои се на иста позиција, поради неотпочнување постапка за унапредување кое може да биде резултат на субјективизам од страна на овластеното лице.

6. Член 54

По однос на висината за регресот за годишен одмор од 40%, да стои „најмалку 40% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година“ или „најмалку 40% од просечната нето плата по работник исплатена во последните 3-месеци“.

7. Член 69

Нејасно е како судски службеник од повисоко звање да има коефициент помал од судски службеник со пониско звање како на пример В3 - судски соработник 1.30 и В2 – виш соработник 1.28 или В1 - судски службеник со звање советник за кој не се бара положен правосуден испит да има поголем коефициент 1.32 од В3 - судски соработник со положен правосуден испит со коефициент 1.30. Истото да се регулира и со другите звања.

Сметаме дека коефициентот на сложеност на работно место за судските службеници од В категорија не е соодветен - мал, ако се имаат во предвид условите

кои се бараат за тие работни места, правен факултет, односно правен факултет и правосуден испит, како и карактерот на работните задачи и обврски кои ги извршуваат, споредбено со коефициентот на сложеност на работните места од другите категории, особено категориите Д и Е, како и вкупниот износ кој по разни основи, плата, надоместоци и додатоци им се регулирани во посебна глава XVIII од Предлог законот за судска служба, како и карактерот на работните задачи и обврски кои ги извршуваат.

8. Член 71

Процентот на додатоци на плата за висок ризик и доверливост на судските службеници да се уреди како и во другите закони за другите јавни службеници по основи и висина од 30%.

9. Член 73

Наведениот член е целосно спорен особено став 3, бидејќи 4-четири услови никој не може да исполни односно да ги извршува сите тие работи во исто време.

Предлог: Секоја алинеја од став 2 да има вредност (најмалку 10% од основната плата), исто како во чл.149 за Судската полиција. Дополнителни работи значи да се вршат работи од описот на работно место и плус дополнително на друго работно место што бара поголем напор, ангажман и одговорност.

Ставот 10 од наведениот член да се избрише од причина што додатоците на плата од исклучителна компонента треба да бидат загарантирани, бидејќи истата е составен дел од платата на судските службеници согласно чл.68 од Предлог законот, па според тоа финансиските средства за судовите за таа намена секоја тековна година да бидат претходно обезбедени.

10. Член 77

Во наведениот член покрај правото на плата, да се додадат и додатоци.

11. Член 89

Зошто со наведениот член повторно се враќа ова законско решение кога истото во претходниот период беше избришано, при што според став 4, поради нарушени меѓучовечки односи и субјективизам на оценувачот, се дава можност во две последователни оценувања со оцена „не задоволува“, на вработениот да му престане работниот однос.

12. Член 93

Во ст.1 алинеја 2 наместо „од 10%“ да стои „до 10%“, во ст.2 алинеја 1 наместо „од 20%“ да стои „до 20%“ и во ст.4 наместо „30%“ да стои „25%“. Ова од причина што платите на судските службеници се ниски и со ваквиот процент на паричните казни ќе се предизвика негативен ефект во живеењето и работењето на судските службеници.

13. Член 114

Основот и висината на додатоците на вработените во судовите кои вршат помошни и технички работи да бидат исти со судските службеници.

14. Глава XVIII

Законските решенија ги ставаат припадниците на судската полиција во привлегирана положба наспроти другите судски службеници (особено стручните) во однос на плата, додатоци и бенефиции. Според истите, интелектуалниот труд е помалку вреднуван од физичкиот труд што сосема е некоректно.

15. Член 123, 124 и 125

Која е потребата од заменик командир на судската полиција и Виш судски полицаец? Кои ќе бидат нивните работни обврски и должности, а кои ќе бидат различни од работните обврски на судскиот полицаец.

16. Член 141 ст.4

Не е во ред командант на судска полиција да има ист коефициент со Виш судски соработник, командир на судска полиција со соработник, заменик командир со помлад соработник, Виш судски полицаец со самостоен судски референт и судски полицаец со судски референт (на пример дактилограф) со тоа што дополнително имаат зголемување од 20%, односно да се пропише такви плати на судската полиција наспроти платите на другите судски службеници, ако се има во предвид описот на работните задачи и одговорности на овие категории.

17. Член 148

Судската полиција во основна компонента има коефициент на сложеност на работно место утврден во чл.141 ст.4, а во чл.148 повторно поради видот и сложеноста износот на средства наменети за плата се зголемува за 20% од износот на основната плата. Со тоа за ист основ е предвидено и коефициент и додаток. Ако се мислело на висок ризик законодавецот треба да ги има во предвид овластувањата и работните задачи предвидени во чл.151 од законот, кои ни оддалеку не се посложени, покомплексни и поризични од оние на судските службеници, а за одговорноста и интелектуалниот сегмент да не зборуваме. Наспроти тоа нивната работа при судење и спровод на затвореници или криминалци е секогаш е потпомогната од припадници на затворската полиција и/или редовната полиција.

18. Член 149

Со наведениот член безусловно му се зголемува платата на судскиот полицаец за 10% за дополнителна работа, а за судските службеници согласно чл.73 ст.3 се предвидуваат неостварливи услови.

19. Член 163

Бенефициите кои се предвидени за судската полиција во наведениот член се многу поголеми, ако не и претерани, од оние за другите вработени, при што симптоматичен е особено ст.3 според кој средствата за исплата на пензијата од ст.2 на овој член до остварување на право на старосна пензија се обезбедуваат од судот. Тежината и природата на работите и посебните услови под кои се вршат се неспоредливи со тежината и природата на работите и посебните услови на дактилографи, стручни соработници, па и судии, кои имаат далеку поголема одговорност, тежина, здравствени проблеми од работа (искривени прсти, рбет и друго), изложени се на ризик, стрес и други негативни влијанија, така што истите права и бенефиции треба да се утврдат и за судските службеници.